Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16, 64/18 и 168/18 ), во првиот квартал од 2019година, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното :

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралото подрачје во Општина Ѓорче Петров, дека се распишува:**

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2019 ГОДИНА**

**Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16, 64/18 и 168/18), во првиот квартал од 2019 година, во период од 04.02.2019 до 08.03.2019 година. Сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од член 7 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.**

**Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или урбанистичко – планска документација, со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.

**Јавниот повик ќе трае 04.02.2019 до 08.03.2019 година.**

**Јавниот повик ќе биде објавен** на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk, на огласна табла во општината и секторот за урбанизам и во информацискиот систем е – урбанизам, објава во службено гласило на општината и со објава во дневно гласило „Нова Македонија".

**Заинтересираните правни и физички лица, иницијативите да ги достават** во архивата на општината или архивата во секторот за урбанизам во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, во определениот рок.

**За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат на време информирани во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

**Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во програмата за урбано планирање „Ф" на општината за 2019 година.

**Средствата за прифатените иницијативи** за изготвување на потребната документација, треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите - правни или физички лица.

**Број 09-375/1**
**30. 01. 2019 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Александар Наумоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ